**ОПШТИНА ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО**

**Предлагач: Градоначалник на ЕЛС Чешиново-Облешево**
**Далибор Ангелов - Градоначалник**

**Изготвувач: Одделение за финансии при**
**ЕЛС Чешиново – Облешево**

**Претставник: Милена Параклиев – Одговорен сметководител**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

**Март 2023 година**

Содржина:

- Вовед

- Годишна сметка / наративен дел

- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотации за делегирани надлежности

- Извештај за користење на средствата од резервите

- Извештај според чл.34 став 2 алинеја 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

- Прилози

- Биланс на приходи

- Биланс на расходи

- Посебен дел

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

Општина Чешиново-Облешево се наоѓа во најнискиот рамничарски предел од Кочанско Поле. Зафаќа простор во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во подножјето на планините Осогово и Плачковица. Општината зазема средишна позиција помеѓу поголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. Преку главната сообраќајница Штип-Кочани-Делчево, општината се поврзува со Р. Бугарија.

Општина Чешиново-Облешево зафаќа територија од 133,5 км2, на која се протегаат следните населени места: Чешиново, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Чифлик, Кучичино, Бурилчево, Уларци, Жиганци, Бања, Врбица, Новоселани и Лепопелци. Седиштето на општината е во Облешево.

Целокупниот регион на општината е поделен на рамничарски дел - обработливо земјиште 6.618 ха и плански дел - шуми 1.045,3 ха. Просечната надморска височина во општината изнесува 338 метри.

Општина Чешиново-Облешево се карактеризира со висок степен на стопанска развиеност и има извонредна основа за перспективен економски развој. Тука се лоцирани и стопанисуваат повеќе индустриски и преработувачки капацитети,а во наредните години треба да се изградат и нови, за што веќе се откупени локации.

Граѓаните на Општина Чешиново – Облешево се занимаваат претежно со земјоделие и тоа со производство на ориз.

### 1.2 Буџет и Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2022 година беше донесен на седница на Советот на Општина Чешиново – Облешево , која се одржа на 29.12. 2021 година и почна да се извршува од 01.01.2022 година. При неговото изготвување беше користена стандардна процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја. Буџетот на Општина Чешиново – Облешево беше проектиран на 98.564.939 денари. Заедно со буџетот, на истата седница на Советот, е усвоена и Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2022 година.

Во текот на 2022 година се направени три ребаланси на Буџетот на Општината во месец Мај, Септември и Ноември. Со извршените измени, приходите и расходите на Буџетот беа изменети, односно зголемени на 103.920.524 во првиот ребаланс, 106.779.293 во вториот ребаланс и 108.942.298 денари со третиот ребаланс.Причина за првиот ребаланс беше склучениот договор за грант помеѓу Министерството за финансии и општината за набавка на возило за отпад како и почетното салдо кое не се предвидува во првичниот буџет на општината, вториот ребаланс поради измени во износот на блок дотацијата во основното образование и детската заштита, третиот ребаланс поради корегиран износ на дотација од ДДВ за 2022 година.

1. **Годишна сметка**

1. **Приходи на Општината**

1. Извршувањето на приходите на консолидираниот Биланс на приходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 98.850.733 денари, што претставува извршување на приходите од 90,73 % од проектираните во Буџетот 108.942.298 денари.

Процентуалното учество на секој буџет посебно во консолидираниот Биланс на извршените приходи за 2022 година е следно:




2. Извршувањето на приходите на основниот буџет на Општина Чешиново – Облешево е во износ од 34.222.231 денари, што претставува 85,40% од вкупно проектираните 40.071.000 денари. Анализирајќи ги по видови приходите на основниот буџет, учеството на поделните приходи е следен:




- Даночните приходи учествуваат со 10.940.450 денари, што претставуваат 31,96 % од вкупно остварените 34.222.231 денари.

Споредено со 2021 година кога беа остварени 9.446.230 денари, даночните приходи во 2022 година бележат зголемување од 15,81%.

- Неданочните приходи учествуваат со 961.887 денари, што претставуваат 2,81 % од вкупно остварените 34.222.231 денари.

Споредено со 2021 година, кога беа остварени 5.709.797 денари, неданочните приходи во 2022 година бележат намалување од 83,15%.

- Трансферите и донациите учествуваат во основниот буџет со 17.989.448 денари, што претставува 52,56 % од остварените 34.222.231 денари. Поединечно, овие приходи потекнуваат од: Буџетите на фондовите-Агенцијата за државни патишта, дотација по основ на приходи од ДДВ.

- Капиталните приходи учествуваат со 4.330.446 денари, што претставуваат 12,65% од вкупно остварените 34.222.231 денари. Ова се приходи кои во најголем обем се остварени од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата,концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор и по основа на експлоатирана минерална суровина) уредување на правен статус на бесправно изградени објекти.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***40.071.000*** | **34.222.231** |
| **71 Даночни приходи** | **11.098.000** | **10.940.450** |
| 711 Данок на доход, добивка и од капитални добивки | 990.000 | 968.661 |
| 713 Даноци на имот | 3.531.000 | 3.325.272 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 6.427.000 | 6.592.653 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 150.000 | 53.864 |
| **72 Неданочни приходи** | **1.592.979** | **961.887** |

| | | |
|---|---|---|
| 722 Глоби, судски и административни такси | 500.000 | 374.350 |
| 723 Такси и надоместоци | 500.000 | 341.964 |
| 724 Други владини услуги | 10.000 | 6.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 582.979 | 239.573 |
| **73 Капитални приходи** | **9.010.000** | **4.330.446** |
| 733 Продажба на земјиште и нематер. вложувања | 9.010.000 | 4.330.446 |
| **74 Трансфери и донации** | **18.370.021** | **17.989.448** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 18.370.021 | 17.989.448 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 |

**Прилог 1 – Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи на основен буџет**

### 2.2 Расходи на Општината

Извршувањето на расходите на консолидираниот биланс на расходи на Буџетот на Општина Чешиново – Облешево за 2022 година е во износ од 98.850.733 денари, што претставува 90,73% од проектираните 108.942.298 денари .




Извршувањето на расходите на основниот буџет е во износ од 34.222.231 денари, што претставува 85,40% од планираните 40.071.000 денари.

Анализирајќи го по видови, учеството на поделните расходи во вкупните расходи на основниот буџет е како што следува:




- Плати и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 11.320.676 денари, што претставува 85,96% од планираните 13.169.500 денари. Во вкупно реализираните расходи за 2022 година, платите и надоместоците учествуваат со 33,07%.

- Резерви и недефинирани расходи. Во буџетската 2022 година не се реализирани резерви и недефинирани расходи , а беа планирани 745.000 денари за извештајниот период.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 15.510.453 денари, што претставува 91,03% од вкупно планираните 17.038.165 денари или 45,32 % од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Каматни плаќања, не се реализирани расходи по основ на каматни плаќања а се планирани 20.000 денари или 0% од вкупните трошоци на основниот буџет.

- Субвенции и трансфери, реализирани се расходи во износ од 2,987.695 денари или 70,92% од вкупно планираните 4.212.335 денари за 2022 година. Во однос на вкупно реализираните расходи на основниот буџет за 2022 година, овој вид на расходи учествува со 8,73%.

- Социјални бенефиции, реализирани се расходи во износ од 64.889 денари или 58,99% од вкупно планираните 110.000 денари за 2022 година. Во однос на вкупно реализираните расходи за 2022 година, овој вид на расходи учествува со 0,18%.

- Капитални расходи, реализирани се расходи во износ од 2.792.384 денари или 86,55 % од планираните 3.226.000 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи на Буџетот за 2022 година, овој вид на расходи учествува со 8,15 %.

- Отплата на главница,реализирани се расходи во износ од 1.546.134 денари или 99,75% од планираните 1.550.000. Овој вид на расходи учествува со 4,51% во вкупно реализираните расходи од Основен буџет.

**Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет**

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | ***40.071.000*** | ***34.222.231*** |
| **40 Плати и надоместоци** | **13.169.500** | **11.320.676** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 8.025.000 | 6.793.537 |

| | | |
|---|---|---|
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 2.842.500 | 2.544.947 |
| 404 Надоместоци | 2.302.000 | 1.982.192 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **745.000** | **0** |
| 412 Постојана резерва(непредвидливи расходи) | 400.000 | 0 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 345.000 | 0 |
| **42 Стоки и услуги** | **17.038.165** | **15.510.453** |
| 420 Патни и дневни расходи | 110.000 | 32.755 |
| 421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт | 11.400.000 | 11.277.556 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 995.000 | 697.284 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.118.165 | 851.136 |
| 425 Договорни услуги | 2.035.000 | 1.427.500 |
| 426 Други тековни расходи | 1.020.000 | 870.491 |
| 427 Привремени вработувања | 360.000 | 353.731 |
| **45 Каматни плаќања** | **20.000** | **0** |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 20.000 | 0 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **4.212.335** | **2.987.695** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 843.335 | 760.00 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 329.000 | 177.396 |
| 464 Разни трансфери | 860.000 | 170.299 |
| 465 Исплати по извршни исправи | 2.180.000 | 1.880.000 |
| **47 Социјални бенефиции** | **110.000** | **64.889** |
| 471 Социјални надоместоци | 110.000 | 64.889 |
| **48 Капитални расходи** | **3.226.000** | **2.792.384** |
| 480 Купување на опрема и машини | 320.000 | 278.890 |
| 481 Градежни објекти | 0 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 2.796.000 | 2.505.494 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 110.000 | 8.000 |
| 486 Купување возила | 0 | 0 |
| **49 Отплата на главнина** | **1.550.000** | **1.546.134** |
| 493 – Отплата на главнина | 1.550.000 | 1.546.134 |

**Прилог 2 – Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи на Основен Буџет**

## 2.3 Буџет на наменски и блок дотации

- Извршувањето на приходите на Билансот на Блок дотации е во износ од 58.868.861 денари или 96,61 % од планираните 60.932.062 денари.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***60.932.062*** | ***58.868.861*** |
| **74 Трансфери и донации** | 60.932.062 | 58.868.861 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 60.932.062 | 58.868.861 |

**ПРИЛОГ 3 – Табеларен преглед на приходи од блок дотација**

## 2.4 Расходи на блок дотации

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од блок дотации е во износ од 58.868.861 денари или 96,61 % од планираните 60.932.062 денари.

-Учеството на поделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

- Плати, и надоместоци, реализирани се расходи во износ од 48.555.418 денари, или 98,54% од планираните 49.274.224 денари.

- Стоки и услуги, реализирани се расходи во износ од 8.609.783 денари или 83,81% од планираните 9.741.038 денари. Во однос на вкупно реализираните расходи од дотации за 2022 година овој вид расход учествува со 14,62%.

- За субвенции и трансфери реализирани се расходи 322.556 денари од планирани 340.000 денари што значи 94,86% искористување.

- За капитални расходи се реализирани 1.381.104 денари, што е 87,58% од планираните 1.576.800 денари.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **60.932.062** | **58.868.861** |
| **40 Плати и надоместоци** | ***49.274.224*** | ***48.555.418*** |
| 401 Основни плати | 35.338.625 | 34.960.083 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 13.935.599 | 13.595.335 |
| **42 Стоки и услуги** | ***9.741.038*** | ***8.609.783*** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.000 | 0 |
| 421 Комун. услуги, греење, комуник. и транспорт | 3.430.500 | 2.778.431 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.436.575 | 1.345.996 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.944.863 | 1.789.038 |
| 425 Договорни услуги | 1.855.000 | 1.714.590 |
| 426 Други тековни расходи | 553.100 | 462.728 |
| 427 Привремени вработувања | 519.000 | 519.000 |
| **46 Субвенции и трансфери** | ***340.000*** | ***322.556*** |
| 464 Разни трансфери | 340.000 | 322.556 |
| **48 Капитални расходи** | ***1.576.800*** | ***1.381.104*** |
| 480 Купување на опрема и машини | 570.800 | 497.314 |
| 481 Градежни објекти | 0 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 986.000 | 869.187 |
| 483 Купување на мебел | 20.000 | 14.600 |

**ПРИЛОГ 4 – Табеларен преглед на расходи од блок дотација**

### 2.5 Буџет на самофинансирачки активности

- Извршувањето на Приходите на Буџетот на самофинансирачки активности во програмите Н1 – Основно образование и В1 - Детска градинка се во износ од 2.184.188 денари, што претставува 52,16% од планираните 4.187.009 денари.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **4.187.009** | **2.184.188** |
| **72 Неданочни приходи** | **3.654.496** | **1.878.408** |
| 723 Такси и надоместоци | 3.537.487 | 1.779.486 |
| 725 Други недано;ни приходи | 117.009 | 98.922 |

| | | |
|---|---|---|
| **74 Трансфери и донации** | **532.513** | **305.780** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 532.513 | 305.780 |

**ПРИЛОГ 5 – Табеларен преглед на приходи од самофинансирачки активности**

### 2.6 Расходи на самофинансирачки активности

- Извршувањето на расходите на Билансот на расходи од самофинансирачки активности е во износ од 2.184.188 или 52,16% од планираните 4.187.009 денари.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **4.187.009** | **2.184.188** |
| **42 Стоки и услуги** | **3.792.009** | **2.118.538** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.000 | 850 |
| 421 Комун. услуги, греење, комуникации и транспорт | 337.600 | 5.586 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.062.000 | 652.327 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 300.000 | 104.516 |
| 425 Договорни услуги | 332.000 | 25.556 |
| 426 Други тековни расходи | 175.000 | 49.176 |
| 427 Привремени вработувања | 1.583.409 | 1.280.527 |
| **48 Капитални расходи** | **395.000** | **65.650** |
| 480 Купување на опрема и машини | 320.000 | 65.650 |
| 481 Градежни објекти | 30.000 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 45.000 | 0 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 |

**ПРИЛОГ 6 – Табеларен преглед на расходи од самофинансирачки активности**

### 2.7 Буџет на донации

Од вкупно планираните 1.876..774 денари приходи од донации, реализирани се 1.700.000 денари, што претставува 90,58%.

| | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***1.876.774*** | ***1.700.000*** |
| **74 Трансфери и донации** | **1.876.774** | **1.700.000** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | |
| 742 Донации од странство | 1.876.774 | 1.700.000 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 |

**ПРИЛОГ 7 – Табеларен преглед на приходи од донации**

### 2.8 Расходи на Буџетот на донации

- Вкупното извршување на расходите од донации во 2022 година изнесува 1.700.000 денари, што претставува 90,58% од планираните 1.876.774 денари.

| | | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | ***1.876.774*** | ***1.700.000*** |
| **42 Стоки и услуги** | | | |
| 421 Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | | | |
| **48 Капитални расходи** | | **1.876.774** | **1.700.000** |
| 480 Купување на опрема и машини | | | |
| 482 Други градежни објекти | | 1.876.774 | 1.700.000 |
| 486 Купување на возила | | | |
| | | | |
| | | | |

**ПРИЛОГ 8 – Табеларен преглед на расходи од донации**

## 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност

### 3.1 Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност

#### *3.1- а Основни средства*

Со извршениот попис на основните средства и ситниот инвентар на 31.12.2022 година, констатирано е дека вредноста на основните средства и ситниот инвентар (целокупниот имот на општината) изнесува 279.657.587 денари. Во извештајот за извршениот попис, кој веќе е усвоен од страна на Советот на општината, се поместени подетални податоци за активностите поврзани со пописот и евидентирањето на општинскиот имот. Податоци во врска со вредностите на истиот се поместени во билансот на состојба, кој е составен дел на овој извештај.

#### *1-б Парични средства*

Во текот на 2022 година, преку благајната на општината се исплатени разни сметки (прехрамбени продукти,поштенски услуги,клучеви,патент..), евидентирани во 1 благајнички извештај.Во текот на годината, во благајната се примени 10.000,00 денари, од кои се потрошени 9,464,00 денари додека 536,00 денари се вратени на буџетската сметка. Салдото на 31.12.2022 година изнесува 0 денари.

#### *3.1 – в Побарувања*

Во сметководството на Општината, со состојба на 31.12. 2022 година се евидентирани побарувања по разни основи во вкупен износ од 9.136.325 денари. Поединечно овие побарувања се однесуваат на: побарувања од граѓаните по основа на неплатени даноци и такси за минати години, побарувања по основ на закупнини и други побарувања; побарувања од фирмите и вршителите на дејност за неплатени комунални такси и камати по истата основа ;побарувања од разни институции. Подетални податоци за побарувањата на општината се дадени во извештајот на централната пописна комисија.

### *3.1 - г Обврски*

На 31. 12. 2022 година општина Чешиново – Облешево должи, по разни основи и кон разни добавувачи за набавени стоки и услуги, износ од 21.064.060 денари.

### *3.1 - д Извори на средства и нивни вредности*

Во текот на 2022 година е исплатена и Завршна ситуација на Ленди Груп ДООЕЛ Скопје во износ од 1.875.453 денари врз основа на склучен договор за под-заем помеѓу Министерство за финансии и Општина Чешиново-Облешево во износ од 8.425.013 денари за финансирање на Под-Проект "Изградба на улици во Општина Чешиново-Облешево".6.488.083 денари се исплатени во 2021 година и со тоа е завршен проктот.

Склучен договор за грант бр.25 помеѓу Министерство за финансии и општина Чешиново-Облешево- грант за сиромаштија/социјална вклученост врз основа на спроведување на урбана ревизија за детектирање на најсиромашни и маргинализирани населени места согласно договорот за под-заем бр.33 од 05.05.2021 година.Склучен договор помеѓу општината и АБЦ Бротхер-Скопје за набавка на возило за собирање и транспорт на цврст отпад во општина Чешиново-Облешево во износ од 1.700.000 денари.

Склучен договор за реализација на проектот "Изградба на пречистителна станица на фекална канализација во с.Чифлик, ИИ фаза" помеѓу Биро за регионален развој и општина Чешиново-Облешево на износ 2.000.000 денари кој ќе се реализира во 2023 година

### Извештај за реализација на инвестиционите програми, донациите и дотациите.

Во усвоениот Буџет на општина Чешиново-Облешево за 2022 година не постојат развојни програми, како трет-развоен дел. Во недостаток на истите, сите активности (од инвестиционен и тековен карактер) се реализирани преку усвоени 18 редовни програми.Една од нив (R1- заштита на животна средина и природа и RA0- заштита на животна средина и природа-капитални расходи остана без реализација, преку истата не е реализиран никава активност.

Поголем дел од активностите се наведени во овој извештај во делот извори на средства и нивни вредности. Освен наведените извршени се поправки на одредени патишта,чистење на одводни канали и сл.

Преглед на потрошените средства по одделни намени,односно средства, е даден во Билансот на приходи и трошоци, кој е составен дел на овој извештај.

### 2. Извештај за користење на средствата од резервите

Во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2022 година се планирани средства за постојана и тековна резерва.

Тековната резерва (сметка 413110) во буџетот на општината за 2022 година беше утврдена на 345.000,00 денари, додека постојаната резерва (412110) е утврдена на 400.00,00 денари. Од овие сметки нема реализацијата за 2022 година.

### 3. Извештај во согласност со чл. 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Во согласност со чл.34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, јас Милена Параклиев со ЕМБГ 2102991498022, вработена во општина Чешиново-Облешево, на работно место Одговорен сметководител, под морална и материјална одговорност, го давам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Според цитираната законска одредба, Одговорниот сметководител до Советот на општината поднесува извештај во кој гарантира за точноста и веродостојноста на завршната сметка.Тоа претпоставува дека одговорниот сметководител континуирано врши контрола на работата и на останатите лица кои ги подготвуваат и создаваат финансиските документи во општината.

Таквата контрола беше присутна секојдневно и во секој сегмент од работата на одговорниот сметководител во текот на 2022 година.Согласно законската регулатива и интерните акти( Процедура за проток на документи во општина Чешиново-Облешево; Правилник за благајничко работење; Правилник за доделување на социјална помош, Методологија за распределба на блок дотациите во образованието; Сметководствените политики и останатите интерни акти на општината),се вршеше проверка на финансиските документи уште при нивниот прием. Откако се констатираше дека документите се формално и финансиски исправни, одговорниот сметководител ѓи прифаќа истите и констатираше дека може да се изврши плаќање.

Доколку некој документ не беше формално или финансиски исправен или комплетен му се враќаше на комитентот на докомплетирање или исправка.

Контрола се вршеше и при трошењето на парите од благајната на општината, при што секоја исплатена сметка поединечно е прегледана од страна на одговорниот сметководител.

Одговорниот сметководител ги следеше и јавните набавки, при што нивните финални финансиски документи доаѓаа на одобрување кај него.

И покрај наведеното, потврдувам дека податоците искажани во билансите и шемите од Завршната сметка на Буџетот на општина Чешиново-Облешево и во сите други документи што се составен дел на Годишниот извештај на општина Чешиново-Облешево за 2022 година, произлегуваат и соодветствуваат со оние искажани во сметководството, кои пак се базираат на соодветни документи.

Извештајот го изготвува Милена Параклиев-Одговорниот сметководител.

Општина Чешиново – Облешево
Градоначалник

Март, 2023 година
Облешево

Одговорен сметководител
Милена Параклиев